ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за утврдување на постоење на конфликт на интерес,со кое од Државната комисија  се бара мислење во однос на тоа, дали согласно член 44 и член 72 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси дали постои конфликт на интереси доколку лице ангажирано како консултант за изработка на студија од страна на Данска компанија, имајќи предвид дека истото лице ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје. Студијата е во рамките на реализација на проектот финансиран преку грант од Европската Унија за изработка на Стратегијата за цивилно воздухопловството 2025-2035.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно предвидените забрани и ограничувања во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои ограничување да лицето покрај тоа што ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје да биде ангажиран од Данска компанија како експерт во воздухопловството при изработка на студија.

Државната комисија укажува дека во натамошното извршување на функцијата член на Надзорниот одбор на М-НАВ АД Скопје треба да го почитува Начелото на интегритет: „(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".**

**Претседател**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Татјана Димитровска